Република Македонија
Министерство за здравство

# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО
**објавува**
# ОГЛАС ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС

Со цел обезбедување рамномерна достапност на здравствените услуги во примарната здравствена заштита, како и заради поефикасна и навремена достапност на лекови за сите граѓани на Република Македонија, Министерството за здравство ги повикува сите заинтересирани здравствени работници и приватни здравствени установи да достават до Министерството за здравство - **Писмо за интерес** за вршење здравствена дејност во Мрежата на здравствени установи во дејноста: **општа медицина, општа стоматологија, гинекологија и акушерство** (избрани лекари), или за вршење **аптекарска дејност во села и населени места,** во кои според Уредбата за мрежа на здравствени установи **нема постоечки здравствени установи** за горенаведените дејности.

Заинтересираните здравствени работници и приватни здравствени установи можат да пројават интерес за села и населени места во кои според Уредбата за мрежа на здравствени установи нема постоечки здравствени установи, доколку обезбедат **сопствен простор** за вршење на здравствената дејност или доколку **сакаат да земат под закуп слободен простор** во јавните здравствени установи.

Во писмото за интерес **задолжително** да се наведат:

- име и презиме на здравствениот работник или назив на здравствената установа кои се заинтересирани за вршење здравствена дејност согласно овој оглас

- место (село или населено место) и општина за кои постои интересот

- здравствена дејност за кои се заинтересирани: за избран лекар (општ, стоматолог или гинеколог) или за аптека

- податоци за контакт со заинтересираниот здравствен работник односно приватна здравствена установа (адреса, телефонски број односно е-маил адреса).

Пријавите за интерес да се доставаат во архивата на Министерството за здравство, најдоцна до 04.01.2013г. со назнака „Писмо за интерес за избран лекар/аптека“.

Министерство за здравство